Јавно претпријатие за извршување на водостопанска дејност
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-681/18
17.12.2025 год.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/14, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.03/2025

**Член 1**

1. За извршител на работното место број 3. КДР 0102 Б04 069 Раководител на одделение за безбедност и здравје при работа, еден (1) извршител во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип се избира кандидатот

- **Јордан Трајчевски**

2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на истата, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување и распоредување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

ЈП ХС Злетовица-Пробиштип на 28.11.2025 година објави Интерен оглас бр.03/2025 на својата веб страна и на веб страната на Агенција за администрација, за унапредување на три (3) административни службеници, меѓу кои и за работното место со реден број 3. КДР 0102 Б04 069 Раководител на одделение за безбедност и здравје при работа, еден (1) извршител.

Директорот на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип со Решението бр.04-681/10 од 12.12.2025 година формираше Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за унапредување на административен службеник.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изработи Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-681/11 од 16.12.2025 година и Записник од спроведување на интервју бр.04-681/12 од 17.12.2025 година.

По изработување на записниците, Комисијата за селекција за унапредување подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати за унапредување за работното место КДР 0102 Б04 069 Раководител на одделение за безбедност и здравје при работа, врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервју и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат Јордан Трајчевски.

Врз основа на предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат, Директорот на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страната да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Пробиштип
17.12.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

одобрил: Маја Стојчева